# Извештај за 17.3.2020 – сумарен (преземени и планирани активности)

## ДРЖАВЕН САНИТАРЕН И ЗДРАВСТВЕН ИНСПЕКТОРАТ

Дневниот извештај од ДЗСИ е во прилог.

Во врска со „обврска на јавен и приватен сектор да преземат активности за одржување на хигиената на највисоко можно ниво и да воведат средства за дезинфекција во институциите“ спроведен е надзор кај ПОКочани ДОО„Авто – атом“ Кочани (автобуска станица и превозни средства. КОнстатирано е дека се одржува хигиена на високо ниво.

Во врска со препораките:

„1.Сите вработени лица од здравствениот сектор да не користат годишни одмори, платени и неплатени отсуства, за време на овој период

2.Вработените лица во институции од јавен сектор и фирми кои користат оправдано отсуство согласно донесените заклучоци, мерки и препораки на Владата, до надлежните организациони единици за човечки ресурси во нивните институции да побараат од овие лица да достават доказ/потврда за основот на користење на ова оправдано отсуство, (потврда издадена од детската градинка или уплатница за платен надомест за престој во детска градинка, копија од патна исправа за возраста на детето или копија од извод од матична книга на родени, потврда за редовен ученик од образовните институции или копија од свидетелство)“ спроведени се надзори кај:

**ПО Штип**

1. ЈЗУ Здравствен дом – Штип
2. Клиничка болница Штип

**ПО КОЧАНИ**

3.ЈЗУ Општа болница со проширена дејност

4.ПЗУ„Диамед македонија„

**ПО БЕРОВО**

5.ЈЗУ ЗД Берово

**ПО ПРОБИШТИП**

6.ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ Пробиштип

**ПО Велес**

7.ЈЗУ Здравствен дом Велес

**ПО Кисела  Вода**

ЈЗУ ЗД – 8.Поликлинка Јане Сандански

**ПО Тетово**

9.ЈЗУ Клиничка Блоница Тетово

**ПО Гостивар**

10.ЈЗУ  Општа Болница „Ферид Мурад“

**ПО Карпош**

11.ЈЗУ ГОБ „8-ми Септември„

12.ПЗУ „Сонце„ орд. по општа медицина,Волково

**ПО Гевгелија**

13.ЈЗУ Психијатриска болница с. Негорци –Гевгелија

14. ЈЗУ Општа болница-Гевгелија

**ПО Битола**

15.ЈЗУ КБ Трифун Пановски

**ПО Центар**

16.ЈЗУ Здравствен Дом на Скопје – Скопје, Поликлиника Бит Пазар:

17.ЈЗУ Универзитетска Клиника за гинекологија и акушерство Скопје

18.ЈЗУ Универзитетска Клиника за детски болести Скопје

18.ПЗУ Ординација по општа медицина ПРИМА МЕДИКА

20.ЈЗУ Универзитетска Клиника за детски болести Скопје

21.ПЗУ Ординација по општа медицина Л&Л ПБМ-МЕДИКА

**ПО Чаир**

22.ЈЗУ Здравствен Дом ,Скопје –Поликлиника Чаир со ПЗС Шуто Оризари и ПЗС Бутел 1

23.ЈЗУ СБГА „Мајка Тереза

**ПО Г. Баба**

24. ЈЗУ З.Д. Полик. Ченто

**ПО Куманово**

25.ЈЗУ Здравен Дом Куманово

**ПО Струмица**

26.ЈЗУ  Здравствен дом Радовиш

**ПО Куманово**

27.ЈЗУ Здравен Дом Куманово

**ПО Струмица**

28.ЈЗУ  З. Д Радовиш

29.ЈЗУ З. Д.Струмица

**ПО Охрид**

30.ЈЗУ Општа болница Охрид

Кај сите 30 надзори записнички се задожени за обезбедување податоци со оглед дека документацијата за отсуства може и дополнително да се достави.

Во врска со препораката „ Да се прекине специјализацијата на сите државни специјализанти и супспецијализанти вработени во Здравствен Дом Скопје, во период од 14 дена и истите да се вратат на своите работни места во матичната установа.“ извршени се 4 надзори за 4 специјализанти од кои 3ца се вратиле на работа а 1 не е затекнат на работното место.

**Специфични согледувања на терен (факти):**

ДСЗИ го подготви текстот на изјавите за почитување на самоизолација но доставувањето треба да биде обврска на вработените од МВР кои располагаат со човечки ресурси на граничните премини 24 часа, а особено имајќи предви дека треба да се поплнат од сите лица кои влегуваат во РСМ што единствено може да се спроведе при пасошката контрола со што ќе бидат опфатени сите патници кои влегуваат во РСМ.

**Специфични предлози кои произлегуваат од надлежноста на Инспекторатот, а кои не се претходно споменати:** при инспекциските надзори покрај надзор над спроведувањето на заклучоците од Влдата на РСМ,во врска со актуелната состојба со КОВИД-19 е и надзор над преземање на противепидемиски мерки согласно Законот за заштита на населението од заразните болести кои се нотирани во табелата со краток опис.

## МАЛМЕД

Дневниот извештај од МАЛМЕД е во прилог.

Во врска со забраната за извоз на медицински средства:

**Согласно законската регулатива МАЛМЕД не издава дозволи за извоз на медицински средства, односно нивниот извоз е слободен и не е со режим „дозвола“. Контролите на извозот на медицински средства треба да прават царинските службеници и да забранат извоз согласно заклучокот на Владата.**

Во врска со извршени вонредни инспекциски контроли и надзор:

1. ПЗУ Аптека ГАЛЕНИУМ ФАРМ 2 ул.Васил Ѓоргов бр. 16, Скопје
2. ПЗУ Аптека ГЕА 2 ул.Водњанска бр. 24, Скопје
3. ПЗУ Аптека СТЕМ ул.Водњанска бр. 32/2, Скопје
4. ПЗУ Аптека ВИОЛА 1 ул. Мајка Тереза бр. 1/7 Скопје
5. ПЗУ Аптека ХЕРБА ЧАИРЧАНКА ул. Цветан Димов бр. 40 Скопје
6. ПЗУ Аптека ГОЛД МУН 1 ул.Џон Кенеди бр. 1-11 Скопје
7. ПЗУ Аптека БЕЛАДОНА 2 ул.11 Октомври бб Куманово
8. ПЗУ Аптека ДАФИНА ул.11 Октомври бб Куманово
9. ПЗУ Аптека МОЈА АПТЕКА ТЕТОВО 2 ул.Маршал Тито бр.102 Тетово

Спроведени се 9 вонредни надзори.

Специфични наоди во поединчни надзори се следни (според реден број):

1. Набавна цена на памучни маски за повеќе наменска употреба од страна на добавувач ПАКУНГ Скопје издавачко-графичко друштво е 92,37 денари. Аптеката става малопродажна цена 34.75 денари и ги продава по 150 денари. Хируршки ракавици се направени по цена од 22,04 за пар од Еуролек, а се продаваат по цена од 30 денари по пар. Нема значително зголемување на цената на дезинфекционите гелови.

2. Не се затекнати маски и средства за дезинфекција, а ракавици се продаваа по цена од 2,6 денари.

3. Нема покачување на средствата за дезинфекција, а хируршки маски и ракавици немаше.

4. Констатирана висока малопродажна цена на заштитна маска од 60 денари . Набавени се од Виола трејд Скопје. Нема покачување на ценатa на ракавиците.

5. Затеканата е уредна состојба во однос на цени на маски. Набавна цена на маска е 26 денари за продажна малопродажна е 35 денари. Нема зголемување на малопродажна цена на антисептични гелови и ракавици.

6. Нема зголемување на малопродажна цена на антисептични гелови . Набавна цена на ракавици од добавувач е 180 денари на кутија со 100 парчиња, а малопродажана цена на кутијата е 300 денари. Парче ракавица се продава по 3 денари малопродажна цена.

7. Маски нема . Нема зголемување на цена за гел за дезинфекција (набавна цена за 50мл е 51,33 а продажна 59) Ракавици х 100 набавна цена е 185,85 ден. А налопродажна цена 300 денари.

8. Маски нема . Протект гел за дезинфекција 500мл набавна цена е 153,87 а продажна 195 ден. Дезинтфреш 0.2% 1000мл набаавна 60, продажна 80. Ракавици х 100 набавна цена е 274.4 ден. а налопродажна цена 330 денари.

9. Нема маски, ракавици, ниту средства за дезинфекција. Последна цена на заштитни маски била 30 денари.

**Да се направи контрола од ДПИ во ПАКУНГ Скопје издавачко-графичко друштво и во ФАРМА ПРИМА Скопје.**

П**редлози за превземање дополнителни мерки**:

- КОНСТАТИРАНА Е ВИСОКА НАБАВНА ЦЕНА НА ЗАШТИТНИ МАСКИ ОД 41 ДЕНАР ОД ДОБАВУВАЧОТ ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО,

ТРГОВИЈА И УСЛИГИ МОНТ ДООЕЛ СКОПЈЕ (ЧЛЕН НА ОРКА ХОЛДИНГ)

- Со оглед дека цените на средствата за заштита од корона вирус варираат кај различни субјекти на надзор, се препорачува Владата на РСМ да утврди максимална цена која не смее да се надмине во прометот на големо и прометот на мало (цена на маски, ракавици и средства за дезинфекција)

**Специфични согледувања на терен (факти):**

- Зголемувањето на цените кај аптеки се должи на зголемена набавна цена од веледрогериите.

**План за постапување за нареден период од три дена (ако е можен план)**:

- Вонредните надзори ќе продолжат кај веледрогериите во Скопје

## ДРЖАВЕН ПАЗАРЕН ИНСПЕКТОРАТ

Во врска со заклучокот „ Да извршат увид и контрола на работењето на аптеките, фармацевтските компании и фабрики во однос на зголемување на цените и количините на производите кои се чуваат во залиха, непродавање на истите и да се утврди дали со ова се влијае на цените на истите и доколку се утврдат неправилости во работењето да се покрене кривична одговорност, со оглед дека се загрозува здравјето и животот на луѓето. Оваа обврска се однесува и на да го изврши и во продавниците за стока за широка потрошувачка.“ контрола е спорведена **во Куманово во маркети**. <u>Констатирано е дека нема покачување на цените.</u>

Во врска со заклучоците „ 1)Да се затворат за посетители сите продавници во молови на територијата на РСМ освен супермаркети, продавници за храна и аптеки во рамките на тие молови. Сите други продавници – правни лица во рамките на тие молови можат да работат и да остваруваат продажба на алтернативен начин (преку онлине нарачки,

телефонски нарачки и сл) и да вршат достава на нарачките.; 2)Се забраннува работата на кафетерии, барови, клубови, казина и спортските обложувалници. и 3)Да се затворат за посетители – гости сите угостителски објекти и ресторани кои вршат подготовка и продажба на храна, со тоа што ќе можат да работат без посета на посетители – гости и да остваруваат продажба на алтернативен начин (онлајн нарачки, телефонски нарачки и сл) и да вршат достава или да овозможат самостојно подигнување на нарачката надвор од угостителскиот објект или ресторан (преку штанд/пулт) “ превземени се околу 2900 надзори.

| | |
|---|---|
| -Скопје и останати населби | 800 |
| - Штип | 79 |
| - Свети Николе | 25 |
| - Пробиштип | 30 |
| - Виница | 7 |
| - Кочани | 26 |
| - Делчево | 38 |
| - Берово | 32 |
| - Македонска Каменица | 22 |
| -Струмица | 40 |
| -Радовиш | 20 |
| -Валандово | 10 |
| -Гевгелија | 25 |
| -Охрид | 100 |
| -Куманово | 110 |
| -Крива Паланка | 38 |
| -Липково | 36 |
| -Струга | 200 |
| -Гостивар | 150 |
| -Македонски Брод | 15 |
| -Кичево | 100 |
| - Тетово | 200 |
| - Битола | 200 |
| - Прилеп | 200 |
| - Ресен | 50 |
| - Крушево | 15 |
| - Кавадарци | 40 |
| -Неготино | 30 |
| - Велес | 30 |

**Предлози за превземање дополнителни мерки**: Да се ограничи работењето на угостителски објекти кои продаваат преку штанд, онлајн нарачки, телефонски нарачки до 20.00 часот. Голема фрекфенција на лица низ градот , и организирање на забави на отворен простор, или викендици.

**Специфични согледувања на терен (факти):**

- Секаде се почитува Одлуката на Владата освен во Горстивар каде е спроведено 1 затварање на угостителски објект.

## ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРАНСПОРТ

Дневниот извештај од Трнспортен е во прилог.

Инспекторатот спровел еден надзор на Автобуска станица Скопје. Фрекфенција на патниците е драстично намалена. Евидентирани се 33 поаѓања во меѓуопштински линиски превоз на патници при што се превезени 62 патника во период од 12:00-15:00 часот.

**Предлози за превземање дополнителни мерки:**

- ако има потреба од инспекторите на ДТИ, царинска управа, полиција на граничен премин, национален координатор за гранично управување **да ги повикаат инспекторите з**а превземање на соодветни мерки кои произлегуваат од законите во нашата надлежност.

**Специфични согледувања на терен (факти):**

- меѓуопштинскиот линиски превоз на патници е редуциран од 60-70% на територија на РСМ на ден 17.03.2020 година, согласно сообраќаен дневник кој го води Автобуска станица Скопје, и сеуште се редуцира од страна на превозниците.

- меѓународниот линиски превоз на патници на ден 17.03.2020 е во целосен прекин.

- немаме постојан престој на граничните премини, односно нашите дежурни инспектори постапуваат по претходно добиен повик од Царинска управа,

полиција на граничен премин, национален координатор за гранично управување.

**План за постапување за нареден период од три дена (ако е можен план):**
Да се посетат автобуските станици и да се види колку е движењето на патниците и дали е безбедно согласно препораките на владата.

Да се извршат вонредни надзори во врска со можноста за претовар на патници во меѓуопштинскиот линиски превоз.

**Состојба со кадар**: 15 државни инспектори за патен сообраќај

## ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД

Дневниот извештај од Трудов е во прилог.

Во врска со препораките спроведени се 233 контроли во поглед на постапување по препораката за платено отсуство на родител на дете до 10 години, самохранен родител, бремени жени и хронички болни.

Донесени се:

- 2 решенија,
- 10 укажувања

Донесените решенија и укажување се  за работодавачите кои не постапиле по препораките на Владата.
При надзорите кај некој од работодавачите констатирано е дека 51 од работниците работат од дома и 13 вработени се во самоизолација.
**План за постапување за нареден период од три дена (ако е можен план):**

- продолжуваме со надзори во сите Подрачја

**Состојба со кадар:**

- сите инспектори се на терен, се вршат контроли и во сабота и недела